СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1615/2022

Дата: 06 -09- 2022

Врз основа на член 122 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а по барање на Општина Новаци (бр. УП1-15-1615/2022 од 24.08.2022 год.), министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За укинување на Решението за Услови за планирање на просторот со бр. 15-10415/4 од 23.02.2012 година

1. **Се укинува** Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за типска индустриска развојна зона на дел од КП 819/1, м.в. „ Жабарник“, КО Новаци, Општина Новаци (Решение бр. 15-10415/4 од 23.02.2012 година) и Условите за планирање на просторот (Елаборат со тех. бр. Y00312), кои се составен дел на Решението за Услови за планирање на просторот, а по барање на имателот - Општина Новаци.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Новаци достави барање до Министерството за животна средина и просторно планирање (бр. УП1-15-1615/2022 од 24.08.2022 год.), за укинување на Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за типска индустриска развојна зона на дел од КП 819/1, м.в. „ Жабарник“, КО Новаци, Општина Новаци (Решение бр. 15-10415/4 од 23.02.2012 година).

Горецитираното Решение е издадено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на Република Македонија” бр.51/05 , 137/07 , 91/09 , 124/10 и 18/11), кој беше во сила кога е доставено барањето од Општина Новаци (барање бр. 15-10415/1 од 25.11.2011 год.).


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

Составен дел на Решението се и Условите за планирање на просторот (Елаборат со тех. бр. Y00312), изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, согласно горецитираниот Закон.

Имателот на Решението за услови за планирање на просторот - Општина Новаци, се обрати до Министерството за животна средина и просторно планирање за поништување на Решението, поради прекинување на постапката за донесување на Локалната урбанистичка планска документација за типска индустриска развојна зона на дел од КП 819/1, м.в. „ Жабарник“, КО Новаци, Општина Новаци, заради промена на предметната локација.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапи согласно барањето на странката - Општина Новаци, а во согласност со член 122, став 2 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15).

Врз основа на горенаведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска